Елизабета ТОМЕВСКА-ИЛИЕВСКА УДК: 81'23

# ЕФЕКТИВНО СЛУШАЊЕ


***Кратка содржина***

*Од четирите вербални јазични вештини: зборување, слушање, пишување и читање, слушањето е прва јазична вештина со која почнуваме во раниот живот и со која поминуваме најмногу време. Како што вели Сара Ландстин (Temple, C., Gillet, J., 1984: 32) ние слушаме една книга дневно, зборуваме една книга неделно, читаме една книга месечно и пишуваме една книга годишно.*

*Слушањето е комплексен процес, интегрален дел од целокупниот комуникациски процес, кој што често е игнориран во наставниот процес и во секојдневниот живот. Вештината на слушање има уште една значајна димензија, а тоа е ефективното слушање која ќе биде објаснета во делот што следува. Ќе се разгледуваат прашањата за: Третманот на* ***слушањето*** *како вештина во училиштето; Односот на слушањето со другите јазични вештини; Пристапувањето кон слушањето во секојдневниот живот; Подготвеноста за „правилно" слушање; Потребата од ефективното слушање; Елементите на процесот на слушање; Бариерите кои што ја спречуваат ефективноста во слушањето и, Подготвеноста на возрасните да ги подобрат слушателските вештини и да промовираат модели на младите активни субјекти.*


***Клучни зборови:*** *СЛУШАЊЕ, ЈАЗИЧНА ВЕШТИНА, ЕФЕКТИВНО СЛУШАЊЕ, ЕФЕКТИВЕН СЛУШАТЕЛ.*

## Слушањето како јазична вештина

Јазикот е еден од најмоќните човекови атрибути. Со него успеваме да стекнеме знаења, да го организираме и да го контролираме нашиот свет; да им даваме форма на нашето искуство, мисли и емоции; да воспоставуваме контакти со другите и да ги градиме односите кои што го оформуваат нашиот живот.

Говорот и јазикот интегрално се поврзани, иако се разликуваат помеѓу себе. Говорот е јазик во делување, говорот секогаш функционира во контекст на индивидуалната свест и се реализира на субјективна основа. Секој говор е објективно индивидуално поведение кое што се однесува на конкретни појави, кое што може да се следи во

рамките на гласовниот, пишаниот или гестовниот говор, освен ако не се работи за т.н. егоцентричен, односно внатрешен говор. Јазикот како социјализиран систем на знаци, апстрактен и карактеристичен за определена група е општествена творба која треба да се спознае и совлада за да може да се преточи во говор како еден вид на општествен договор меѓу општеството и поединецот (Алексоски, 1998: 99).

На јазичните вештини понекогаш се гледа како на прилично унифициран наставен предмет – Мајчин јазик, но реално тоа е задача која што се провлекува низ целиот училишен курикулум. Тоа прави потешкотии при обидите прецизно да се дефинира. Учењето на јазичните вештини наједноставно се дефинира како учење да се чита, пишува, говори и слуша. Сепак, не постои наставен предмет, процес или активност кои што се одвиваат во училиштето, а да не ги развиваат најголемиот дел или сите од овие вештини. Тие се темел на целокупната настава, а јазичните вештини се целосна област каде што јазикот на детето се негува во сите негови форми. Ако подучувањето на јазични вештини вклучува говорење, слушање, читање и пишување, тогаш со право може да се каже дека тоа е столбот на сите наставни предмети и суштината на програмата за основно училиште. Повеќето стручњаци од оваа област расправаат дека е неефикасно и здодевно јазичните вештини да се предаваат посебно, и да се комбинираат меѓусебно (хеуристички) и со останатите предмети.

Чести се тврдењата дека најдобар начин да се научи еден јазик е тој да се употребува, додека најлош е тој да се анализира. Затоа од наставниците се очекува да ги усовршуваат вештините и да планираат активности со цел да се следи и поттикнува нивната нагорна развојна линија. Понекогаш јазикот на детето нема да се развива според стандардите и тука повторно ќе биде потребна способноста на наставникот да се анализира јазикот, како и стручниот суд и знаење за отпочнување на корективни процедури.

## Слушањето како акт на говорот

Разбираат ли децата повеќе отколку што можат да се искажат? Дали децата можат да ги разберат искажувањта кои што самите сеуште не ги создале? Доколку можат, тогаш може да се изведат повеќе заклучоци. Прво, ако детето не може да се искаже, тоа не

значи дека нема да ја разбере смислата на таа реченица кога ќе ја слушне изговорена. Затоа е многу важно да не го потценуваме тоа што им го кажуваме на децата и тоа што тие можат да го сфатат, со претпоставка дека го разбираат јазикот на кој што им зборуваме. Уште поважно е што способноста за разбирање на децата им претставува темел за развој на говорниот јазик. Детето може само да ги вежба сложените јазични употреби. Ова прашање е интересно од педагошко гледиште, бидејќи укажува на важноста за проучување на јазичниот развој. Дејвид Вуд (Wood,1988: 104) го потенцира постоењето на повеќе докази за сфаќањето дека децата се *способни* повеќе да разберат отколку да се изразат. Нивната *примачка* јазична способност (слушање и разбирање) често е понапредна од нивната способност за *произведен* јазик (говор).

Психологијата на говорот укажува на фактот дека нема вистински говор, устен и пишан, без добро мислење. Мислењето и говорот се во нераскинлива спрега. Преку развивањето на усното и писменото изразување се влијае на развојот на мислењето. Но, треба да се има предвид односот помеѓу усното и писменото изразување. Пишаниот говор е поапстрактен од усниот. Апстрактноста на писменото изразување претставува, една од покрупните тешкотии со која што се соочува детето при описменувањето. Пишаниот говор, е „говор без соговорник", тоа е говор-монолог, разговор со бел лист хартија, со измислен или само замислен соговорник, вели Лав Виготски (Лекиќ, 1986: 121). Говорот е подготовка за пишување, а пишувањето го поттикнува говорот.

Покрај семантичката функција на означување на предметите, појавите и настаните говорот има и комуникациска функција, бидејќи преку него се остварува комуникацијата со другите луѓе, а тоа е остварливо ако и другите луѓе го разбираат тоа што ние го кажуваме и доколку и ние го разбираме говорот на другите луѓе со кои комуницираме. Но, говорот има и практични значења. Говорот претставува реализирана можност на јазикот. Јазикот дава можност за искажување на различни содржини на свеста, а говорот ги реализира истите (Алексоски, 1998: 140).

*Слушањето* е јазичен акт. Ние не можеме многу да им помогнеме на децата да ги развијат вештините за слушање без да им помогнеме да ги разберат речениците, текстовите, и разговорите. Наспроти тоа, искуството кое им помага да имаат контрола над различни форми и употреби на говорот нема да има позитивен трансфер во способноста за слушање. Ако децата не се способни да ја следат ин-

формацијата која им се кажува, нема да бидат способни ниту да го кажат, прочитаат или напишат истото. Тоа што треба да се направи во оваа област е да се објасни на кој начин слушањето е различно од другите јазични вештини. Од таа причина ќе аспектираме некои принципи кои можат да го потпомогнат развивањето на слушачките способности во училницата.

Кога слушаме, ние тоа го правиме на три нивоа. Првото ниво е *слушање*. Технички зборувајќи, ние слушаме звук кога звучните бранови ќе удрат на ушните тапанчиња со доволна сила за да се претвори во нервен импулс и истата се пренесува до мозокот. Ако звукот е премногу слаб, или ако ушите се оштетени, ние нема да слушнеме одреден звук. На повисоко ниво, ние перцепираме звуци. Перцепирањето може да се дефинира како едуцирано слушање, ние слушаме звук и го идентификуваме со класа звуци кои претходно се обработени во нашата меморија. Кога перцепираме звук, ние интуитивно го споредуваме со звук кој што претходно сме го слушнале. На уште повисоко ниво, ние разбираме дека звуците составуваат порака. Ние разбираме дека комбинација од звуци се зборови, реченици и поголеми единици од говорот (Temple, C., Gillet, J., 1984: 33).

Може да се каже дека трите нивоа на слушање следуваат едноподруго, прво слушаме звук, потоа испуштаме говорни звуци, потоа препознаваме комбинации на звуци како зборови и комбинации на зборови како реченици и поголеми пораки. Но, ова е премногу едноставно. Ние всушност не го слушаме секој звук на изговорените зборови, па дури ни секој збор од секоја реченица. Пораките кои ги напаѓаат нашите уши ретко се толку чисти. Луѓето спојуваат звуци во зборови па дури и цели зборови, но тоа ретко го спречува нашето разбирање затоа што кога слушаме на највисоко ниво, кога слушаме цели пораки, тогаш деловите што ги слушаме одвоено ни овозможуваат ментално да ги пополниме деловите што не ги слушаме. Ова најдобро функционира, кога слушаме говор на познати теми, во познати ситуации, на пр. кога разговараме неформално со пријатели. Ако слушаме предавање за нуклеарна физика, повеќето од нас имаат потреба да слушнат поголем број информации за пораката за да се овозможи пополнување на празнините од пораката, бидејќи имаме помало познавање за темата и за говорот кој што луѓето вообичаено го користат на оваа тема.

Сето претходно кажано сугерира дека на процесот за отпочнување на развивање на вештини за слушање кај децата му претходи стекнување на искуства со вистински говор. Тоа што придонесува е

искуството од користењето и слушањето на вистинскиот јазик.

Џил Ричардс (Temple, C., Gillet, J., 1984: 35) открива дека во училиштето постојат определени начини на зборување придружени со училишните теми. Постои јазик, или регистар на зборови, фрази, говори во Мајчиниот јазик различен од Математика, различен од Биологија. Овие содржат не само елементи од речникот туку и реченични структури на нешта како: приказни и поеми на една тема; дефиниции и структурни објаснувања за друга тема; хиерархијски врски и причини и ефекти во друга. Џил Ричардс заклучува дека неуспехот во совладувањето на училишните теми често е во тесна врска со детскиот неуспех во учењето на одредените јазични структури на одредена тема, или варијации на јазикот. Таа сугерира дека наставниците мора да го планираат и да го следат развојот на учењето на говорот на училишните теми истовремено учејќи ги темите. Таа зборува за слушање и читање, зборување и пишување, но примарно се осврнува на вештината за слушање. Специјалистите за читање одамна се свесни дека слушањето и читањето се поврзани на важен начин со можноста за разбирање на јазичните структури. Многу ученици од повисоките одделенија во основното образование кои имаат сиромашно разбирање за содржини од тоа образовно ниво кога го читаат не го разбираат адекватно истиот материјал, и кога го слушаат како им се чита на глас, исто така не го разбираат. Се претпоставува дека тешкотијата произлегува од недостатокот на познавањето на јазичните структури со кои е формулиран и обликуван наставниот материјал.

На крајот, може да се констатира дека првиот и најважен вид на вештина на слушање не е понезначајно од познавањето на самиот говор. Нашето искуство во слушањето обезбедува основа за развој на способноста за зборување, читање и пишување. Како и да е, не треба да заборавиме дека најчесто говорната способност се учи преку слушање.

Вештината на слушање има уште една значајна димензија која ќе биде аспектирана во делот што следува.

**Процесирање**

Слушањето како процес е комплексен, интегрален дел од целокупниот комуникациски процес, кој што често е игнориран. Тоа запоставување е резултат на два фактори.

Прво, зборувањето и пишувањето (праќачките делови од комуникацискиот процес) се доста видливи, и тие полесно се вреднувани во однос на слушањето и читањето (примачките делови). И однесувањето во читањето многу повеќе се вреднува во однос на однесувањето во слушањето. Почесто сме тестирани за тоа што го читаме во однос на тоа што го слушаме. Кога сме тестирани на материјали презентирани преку говор, генерално говорот е направен преку читање.

Второ, повеќето од нас не се подготвени да ги подобрат своите слушателски вештини. Најчесто неподготвеноста за подобрување е резултат на нашето нецелосно разбирање на процесот, и неразбирањето дека процесот може да ни покаже како да се подобриме. За да го разбереме процесот на слушање, прво треба да го дефинираме.

Во обидите да се дефинира процесот на слушање понудени се голем број на дефиниции. Најкорисната го дефинира слушањето како процес на примање, внимавање и разбирање на слушнатата порака, што значи дека пораката е пренесена преку средство (медиум) за слушање. Често чекорите на одговарање и запомнување се исто така вклучени. (http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/kline-ten/b10toc.htm: online)

Процесот се остварува преку првите три чекори: примање, внимавање, разбирање. Одговарањето и/или запомнувањето може, но не мора да следат. На пример, може да се очекува од тој што слуша да одговори веднаш или да ја запомни пораката со цел да одговори подоцна.

Понекогаш, одговор (вербален) не се бара. И актот на запомнување може и не мора да биде неопходен. На пример, ако некој ви каже „внимавајте каде чекорите“, немате потреба да ја помните таа порака откако ќе го поминете тој чекор.

Во продолжение ќе бидат објаснети трите основни и двата дополнителни дела. За оваа цел ќе се користи аналогијата помеѓу процесот на слушање и електронскиот систем на пораки (e-mail), праќач на порака од едната страна и намерен примател од другата страна.

## Примање

Овој чекор е лесно разбирлив. Може да се прати електронска порака, точно јазично составена и јасна, со прецизно користена

техника на пишување и со максимално интересна содржина за примателот. Со претпоставка дека праќачот е почитуван од примателот и предизвикува восхит кај него, со еден збор e-mail пораката е очекувана. Меѓутоа, доколку примателот не го вклучи компјутерот, нема да ја прими пораката. Пораката ќе остане некаде помеѓу компјутерите на праќачот и примателот. Најголемиот дел од човековото слушање е неуспешно од истата причина. Примателот едноставно не е „закачен“ за испраќачот. Понекогаш проблемот е психолошки, на пример, примателот има недостаток на слух кој е вроден или наследен. Недостатокот е резултат на несреќа, болест или континуирано изложување на јаки звуци. Понекогаш проблемот може да се корегира со механички апарати кои го враќаат изгубениот слух, или со слушни помагала кои го појачуваат звукот. Научниците и инжинерите постојано развиваат нови производи за корегирање и помош за специфични видови на изгубен слух. Треба да се прави разлика помеѓу слушањето како примање на звук hearing и слушањето поврзано со разбирање listening.

**Внимание**

Кога примателот ќе го вклучи компјутерот, тој ќе ја прими испратената порака. Меѓутоа, мора да направи нешто повеќе од тоа: мора да ѝ посвети внимание на пораката доколку сака процесот да продолжи. Ако претпоставиме дека примателот работи нешто друго кога компјутерот сигнализира дека пристигнува порака и одлучи да ја прочита подоцна, може по грешка да биде избришана без да ја прочита. Во секој случај на пораката може да не ѝ се обрне внимание.

Човечкото слушање често е неефективно или не се случува од исти причини. Примањето се случува, но не и посветување на внимание.

Во дадено време, бројноста на пораките го окупира вниманието. Стимулацијата може да биде надворешна, како зборови (говор) од предавач или печатен материјал, или случки кои се случуваат во непосредната средина, или пак, стимулацијата (дразбата) може да биде внатрешна. Независно каков е мотивот за стимулација, едноставно не е возможно истовремено фокусирање на сите пораки. Оттука произлегува дека треба да се направи избор, секако свесно или несвесно, да се обрне внимание и да се елиминираат останатите по-

раки. Три фактори го детерминираат начинот како да се направи избор. (http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/kline-listen/b10toc.htm: online)

1. Селектирање на вниманието. Вниманието се упатува кон сигурни/извесни нешта за да се оневозможи преоптоварување со информации. Преку секојдневни примери може да се дојде до вистинската цел. Да претпоставиме ситуација кога се обидуваме да читаме книга и да гледаме телевизија во исто време. И покрај тоа што некои луѓе мислат дека можат да ги прават двете активности, вообичаено е едната да доминира т.е. поинтересниот материјал ќе привлече повеќе внимание. Во поинаква ситуација, нешто може да го прекине или попречи вниманието.

Селективноста на вниманието објаснува зошто на пример, вниманието се насочува на некој сличен на нас, на родниот град, или нашето омилено хоби. Факт е дека сме решени да го слушаме разговорот кога некој во друг разговор го спомнува нашето име. Веднаш, фокусот на вниманието се насочува кон разговорот каде што е споменато нашето име.

2. *Моќта на вниманието.* Вниманието не е само слективност, тоа поседува енергија, или моќ. Вниманието бара труд и желба. Примерот со читањето книга и гледањето телевизија, примачот (читачот/гледачот) го раководи неговото/нејзиното примарно внимание во правец или истовремено или на книгата или само на телевизорот. Целосно вниманието може да биде посветено доколку имаме една стимулација во определено време и ако потребното внимание го лимитира бројот на наредните стимулации. Ако се потроши многу енергија на многу стимулации нема да се оддава внимание на ниедна од нив.

3. *Издржливост на вниманието.* Некои јавни говори, предавања и други настапи можат да се слушаат многу подолго во однос на други. Траењето зависи од предметот, поставувањето, начинот на кој се говори и од пораката на говорникот. Но, не е важно дали говорникот е разбирлив и вешт, или колку е интересна содржината, сепак насоченото внимание може да заврши. Ако нема друга причина човечкото тело бара одмор или посветување внимание на други потреби. Мозокот може да го овозможи нашето внимание толку долго колку што телото може да седи.

Селективноста, моќта и издржливоста го детерминираат вниманието. Примањето и внимавањето се првите два елементи од процесот на слушање. Третиот чекор во овој процес е разбирањето.

## Одговорање

Процесот на слушање може да заврши со разбирање, бидејќи ефективната комуникација и ефективното слушање можат да бидат дефинирани како прецизно разбирање на значењето. Одговорот може но и не мора да биде потребен. Постојат неколку видови одговори.

1. *Директен вербален одговор*. Одговорот може да биде кажан или напишан. Да продолжиме со e-mail-аналогијата. Откако пратената порака е примена и разбрана, може вербално да се одговори. Доколку со пораката се поставува прашање може компјутерски да се напише и прати одговор. Исто и ако од другиот се бара мислење на некоја тема или пак треба да се даде совет и сл.

2. *Одговор што бара објаснување*. Ситуации при непосреден, телефонски или електронски разговор кога од соговорникот директно се бара објаснување или дополнителни информации.

3. *Одговор што парафразира*. Може да каже нешто како „со други зборови", „тоа што кажуваш е...". Парафразата му дава можност на праќачот на пораката да се согласи, или да обезбеди информација со која ќе ја разјасни пораката.

4. *Невербален одговор*. Многу пати невербалниот одговор е сè што е потребно. Тоа може да биде преферирaн тип на одговор. Со климањето со глава или со насмевка се искажува разбирање. „Дигнати палци" исто така се комуникација со која се кажува дека пораката е разбрана.

Разбирањето е форма на повратна информација што комуникацијата ја прави целосна. Со разбирањето на соговорникот му се дава до знаење дека пораката е примена.

## Запомнување

Помнењето на факти не е клуч за добро слушање. Сепак помнењето често е неопходен и интегрален дел од процесот на слушање.

Кај краткотрајното помнење, информацијата се користи веднаш, на пример во време од неколку секунди. Како со телефонски број кој што го гледаме. Краткотрајното помнење има голема стапка на заборавање и е многу подложно за прекинување. Бројот на информации кои можат да бидат опфатени е многу ограничен, иако е про-

менлив зависно од содржината. На пример, повеќето од нас можат да запомнат само неколку последователни броеви. Но, доколку постои план за помнење, задачата е многу полесна. Долгорочното помнење ни дозволува да се сетиме на информациите, настаните, многу часови, денови, недели дури и години подоцна. Се сеќавате, на настани кои се случиле во детството, на учени песни, луѓе кои што ги знаете. Може дури и да не бидете свесни за ваквите сеќавања долг временски период, сè до моментот кога определена, точна стимулација ќе предизвика потсетување на нив.

### Ефективно слушање

Учениците поминуваат 20% од училишното време во слушање. Ако се интегрира телевизиското гледање и половина од процесот на комуникација, тогаш може да се каже дека учениците минуваат речиси 50% од активното (будното) време само во слушање. (http://www.ccsf.edu/Services/LAC/lern10/listening.html: online)

Слушањето е следење и разбирање на звуците, слушање со цел. Слушањето рационално ги абсорбира значењата на зборовите и речениците, води кон разбирање на факти и идеи. Доброто слушање е изградено од три основни вештини: став, внимание и прилагодување. Тоа бара концентрација, фокусирање на мислите на определен проблем. Личноста која што слуша со концентрација, се вели дека активно, ефективно слуша. За активното слушање може да се каже дека е метод на реагирање на другиот кој ја поттикнува комуникацијата.

Слушањето е многу важна вештина, посебно за наставниците, кои покажуваат поголема наклонетост за зборување за време на часовите, што од своја страна ја поразува една од целите на подучувањето, да им се овозможи на учениците да учат преку дискусија, да учат активно. Наместо часот да се претвори во предавање, наставниците мора активно да слушаат и да ги поттикнуваат своите ученици да станат активни субјекти. Давањето целосно внимание на ученикот воопшто не е лесна работа, бидејќи истекува планираното време или отпочнува фокусирањето на следното прашање; меѓутоа поминатото време активно слушајќи ги учениците ќе резултира со квалитетно подучување.

За наставниците е многу важно да ги охрабруваат учениците да ги развиваат и користат добрите слушателски вештини. Еден

начин да се оствари оваа задача е преку основната техника да се учи да се **слуша**. Активното слушање е вештина која многу бара, и која треба да се практицира и да се издржи; меѓутоа, активното слушање исто и многу наградува.

Целта на ефективното слушање е да помогне прецизно да се сфати пораката на говорникот, како и да му овозможи да знае дека е разбран. Во процесот на ефективното слушање се регистрираат содржини и емоции на говорникот кој што ја праќа пораката.

Доборото активно слушање опфаќа неколку компоненти.

1. *Сондажа на разбраното.* Во улога на слушател треба да се разбере што зборува говорникот и какво значење има кажаното. Ова претпоставува поставувања на прашања со можност за подлабоко разбирање.

2. *Рефлектирање.* Еден од најдобрите начини кој дава сигурност дека соговорникот е правилно разбран е да се рефлектира со зборови тоа што е слушнато.

3. *Сѐ во свое време.* Кога слушате, *слушајте.* Во процесот на слушање треба да се игнорираат работите кои вознемируваат. Со самото слушање има многу што да се направи.

4. *Пауза.* Не треба веднаш да се даде одговор на коментарите од говорникот. Кога самите си дозволуваме моментален молк, се ослободува умот да го формира одговорот во времето на тој молк.

5. *Набљудување на невербалното однесување.* Повеќето од тоа што е кажано всушност „не е кажано“. За да се разбере пораката во целина треба да се обрне внимание на говорот на телото, гестовите, изразите на лицето, промените на гласот итн.

6. *Резимирање.* За да се биде сигурен дека пораката на говорникот е разбрана, треба да се резимира содржината.

7. *Благодарност.* Заблагодарувањето не значи согласување со содржината на пораката. Едноставно значи потврда на говорникот дека неговата порака била ислушана и заблагодарување на говорникот за дадената порака.

## Заклучок

Учењето на слушањето кај децата е активен процес. Децата мора да ја слушаат употребата на говорот и да имаат можност самите да ја користат, со цел говорно да созреваат. Од училницата очекува да биде место каде што тие ќе зборуваат, слушаат, читаат и пишу-

ваат; место каде што говорот е богато моделиран за нив, и каде што им е дадена можност да го започнат развивањето на ефективното слушање.

Особено поради тоа што слушањето и мислењето се тесно поврзани и условени. Поконкретно, мислењето може да започне кај децата додека јазикот е позајмен од возрасните. Со време нивното мислење ќе биде вербализирано гласно пред да биде внатрешно употребувано како внатрешен говор.

Слушањето е јазична вештина, и единствена само кај луѓето. Слушањето е степен од говорот кој што го користиме прв, и најмногу. Она што често се смета за способност за слушање, всушност е говорна способност: разбирање на зборовите, речениците, текстовите. Аспектот на слушање веројатно најмногу има потреба да се оддели од вниманието како фаза, понекогаш третирано како ефективно слушање.

*Слушањето* аспектирано како вештина и активен процес е комплексен процес со посебна сложеност. Во она што се *мисли* при слушањето, што се *чувствува* при слушањето и што се *прави* при слушањето се препознава основата за подобрување на слушателските способности. Разбирањето на комплексноста на слушањето; подготвеноста да се слуша; прилагодувањето на ситуацијата; фокусирањето на клучните идеи и ставови; надминувањето на предрасудите; прифаќањето на одговорноста да се разбере пораката од говорникот се само некои од насоките кои водат кон ефективното слушање.

(Рецезент: *проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова)*

## ЛИТЕРАТУРА

Алексоски, С., (1998), *Психологија на комуникацијата во педагошката пракса,* Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".

Lekič, G. (1991), *Metodika razredne nastave,* Beograd: Nova prosveta.

Mason, J., Au, K. (1986), *Reading Instruction For Today,* London: Scott, Foresman and Company.

Temple, C., Gillet, J. (1984), *Language Arts. Learning Processes And Teaching Practices,* Boston-Toronto Canada: Little, Brown and Company.

Wood, D., 1988, *How Children Think And Learn,* Oxford (UK) & Cambridge (USA): Blackwell Publishers.

**access:** http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/kline-listen/b10toc.htm, дата на пристап 10/04/2006.

**access:** http://www.kangan.edu.au/services/llc/tips-listening.htm, дата на пристап 12/04/2006.

**access:** http://www.utexas.edu/student/utlc, дата на пристап 15/04/2006.

**access:** http://www.studygs.net/listening.htm, дата на пристап 20/04/2006.

**access:** http://www.ccsf.edu/Services/LAC/lern10/listening.html, 20/04/2006.

Elizabeta TOMEVSKA-ILIEVSKA

# EFFECTIVE LISTENING

## Abstract

*Out of the four verbal language skills: speaking, listening, writing and reading, listening is the first language skill which we start with form the earliest stage in our lives and the one we spent most time with. As Sarah Lundsteen says, (Temple, C., Gillet, J. 1984: 32) we listen one book per day, we speak one book per week, we read one book per month and we write one book per year.*

*Listening is a complex process, integral part of the entire communication process, which is very frequently ignored in the teaching process and in the everyday life. Listening skill has another important dimension, "the effective listening" for which there are several reasons to be elaborated in the following paragraph.*

*We shall look at the issues of: treatment of the listening as a skill in the schools; the relation between the listening and the other language skills; the approach to the listening in the everyday life; preparedness for the "correct" listening; the necessity for effective listening and, The preparedness of the adults to improve the listening skills and to promote to the role model to the younger generations.*

**Key words:** *LISTENING, LANGUAGE SKILL, EFFECTIVE LISTENING, EFFECTIVE LISTENER.*